**Патот на вакцините до Северна Македонија**

**Неделен #КовидИмунометар**

**Известувачки период: 2 - 8 ноември 2021**

## Целосно се вакцинирани 37.7% од населението

**Кратко резиме**

- 37.7% од населението се целосно вакцинирани (780.456 граѓани).
- 39.1% од населението примиле барем една доза вакцина (809.293 граѓани).
- Од 1 до 7 ноември, процентот на вакцинирани со една доза се зголемил за само 0.2%, а на целосно вакцинирани, исто така, за 0.2%.
- Интересот на граѓаните за прва вакцина и натаму е исклучително мал.
- 46% од населението над 18 години е целосно вакцинирано.
- 54% од населението над 40 години е целосно вакцинирано.
- 28% од новозаразените, 22% од хоспитализираните и 18% од починатите од Ковид-19, се вакцинирани.

**1. Колку луѓе треба да се вакцинираат?**

За да се постигне колективен имунитет, потребно е да се вакцинира 85% од населението.

Според проценките на Државниот завод за статистика, заклучно со 2020, во државава вкупниот бројот на населението изнесува 2.068.808, а вкупниот број полнолетни граѓани е 1.669.010.

## 2. Колку луѓе се вакцинирани?

Според Министерството за здравство, заклучно со 7 ноември целосно се вакцинирани (примиле две дози вакцина) 780.456 граѓани односо **37.7%** од населението.




Вкупниот број вакцинирани граѓани со една доза е 809.293. односно **39.1%** од населението.




Во периодот од 1 до 7 ноември, процентот на вакцинирано население со една доза се зголемил за само 0.2%, а процентот на целосно вакцинирано население се зголемил, исто така, за само 0.2%. Интересот на граѓаните за вакцинирање и натаму е исклучително мал.

Според Министерството, 46% од населението над 18 години и 54% од населението над 40 години е целосно вакцинирано.

Во периодот од 6 август до 4 ноември, 28% од новозаразените со коронавирусот, 22% од хоспитализираните и 18% од починатите од Ковид-19, биле вакцинирани. Починатите имале повеќе комбинирани хронични заболувања.

## 3. Колку граѓани се вакцинирале во странство?

И натаму нема официјални податоци за тоа колку македонски граѓани досега се вакцинирале во странство.

## 4. Колку вакцини се пристигнати?

Во државава, според последните податоци од Министерството за здравство, пристигнати се **вкупно 1.897.092** дози вакцини.







- Фајзер – 762.302 **(40.2%)**

- Синовак – 530.000 **(28%)**
- Синофарм – 302.000 **(15.9%)**
- Астра-Зенека – 256.800 **(13.5%)**
- Спутник В – 45.990 **(2.4%)**

***Хронологија на пристигнување на вакцините***

| **Месец на пристигнување** | **Дози и видови вакцини** |
|---|---|
| Септември | **246.332 Фајзер** |
| Август | **175.500 Фајзер** |
| Август | **58.400 Астра-Зенека** |
| Јули | **106.470 Фајзер** |
| Јули | **110.000 Астра-Зенека** |
| Јуни | **530.000 Синовак** |
| Јуни | **153.270 Фајзер** |
| Јуни | **20.000 Астра-Зенека** |
| Мај | **100.000 Синофарм** |
| Мај | **51.480 Фајзер** |
| Мај | **44.400 Астра-Зенека** |
| Април | **202.000 Синофарм** |
| Април | **39.990 Спутник В** |
| Април | **21.060 Фајзер** |
| Март | **6.000 Синофарм** |
| Март | **24.000 Астра-Зенека** |
| Февруари | **8.190 Фајзер** |